**20251923935**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4858/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), во член 4 во точката 10 зборовите: „труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади”.

Член 2

Во член 8 во ставот 1 зборовите: „труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади”.

Во ставот 2 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 3

Во член 10 во алинејата 13 зборовите: „на министерството” се бришат.

Член 4

Во член 37 зборовите: „труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади”.

Член 5

Во член 62 во ставот 8 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 6

Во член 110 во алинејата 11 зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија”.

Член 7

Во член 130 во ставот 4 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 8

Во член 135 во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 9

Во член 136 во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 10

Во член 137 во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 11

Во член 158 во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 12

Во член 165 во ставот 6 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 13

Во член 176 во ставот 4 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 14

Во член 184 во ставот 3 зборовите: „информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите: „јавна администрација".

Член 15

Во член 186 во ставот 5 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 16

Во член 197 став 2 во алинејата 1 зборот „дефектолог" се заменува со зборовите: „дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор", а по зборот „воспитувач" се става запирка и се додава зборот „семејнолог".

Во алинејата 5 по зборот „воспитувач" се става запирка и се додава зборот „семејнолог".

Во алинејата 6 по зборот „воспитувач" се става запирка и се додава зборот „семејнолог".

Член 17

Во член 201 во ставот 1 зборовите: „за труд и социјална политика" се бришат.

Член 18

Во член 203 во ставот 3 зборовите: „за труд и социјална политика" се бришат.

Член 19

Во член 212 во ставовите 12 и 18 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 20

Во членот 219 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 21

Во членот 222 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 22

Во член 228 во ставот 9 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Во ставот 10 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 23

Во член 234 во ставот 4 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 24

Во член 236 во ставот 2 алинејата 1 се менува и гласи:

„- општа лиценца за вршење стручна работа во центарот за социјална работа (социјален работник, правник, педагог, психолог, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, социолог и семејнолог),”.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

- лиценца за вршење на стручно-економска работа за постапување по парични права во центарот за социјална работа (економист).

Алинеите 3 и 4 стануваат алинеи 4 и 5.

Во ставот 3 зборовите: „општа лиценца од ставот 2 алинеи 1, 2 и 3” се заменуваат со зборовите: „општа и посебна лиценца од ставот 2 алинеи 1, 2 и 4”.

Член 25

Во член 244 во ставот 3 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 26

Во член 246 во ставот 2 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 27

Во член 256 во ставот 6 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 28

Во член 258 во ставот 4 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 29

Во член 259 во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Во ставот 4 зборовите: „за труд и социјална политика” се бришат.

Член 30

Во член 261 во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 31

Во член 285 во ставот 2 зборовите: „за труд и социјална политика" се бришат.

Член 32

Во член 319 во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 33

Во член 336 во ставот 8 зборовите: „информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите: „јавна администрација".

Член 34

Во член 340 во ставот 1 зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 35

Во член 342 во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 36

Во членот 357 зборовите: „за труд и социјална политика" се бришат.

Член 37

Стручните работници во центрите за социјална работа, кои со членот 24 на овој Предлог на закон се стекнуваат со право да полагаат за општ стручен испит, односно стручно-економски испит, се должни да поминат почетна едукација и да се стекнат со соодветната лиценца, во рок од шест месеци од денот на донесување на програмата за лиценцирање на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје.

ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе изврши усогласување на почетната едукација во Програмата за континуирана професионална едукација на стручните работници во установите за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги.

Член 38

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 39

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".